**Известување за концентрација помеѓу А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ и НТТ Австрија ГмбХ, Австрија (предмет бр. 08-81/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ, акционерско друштво организирано согласно законите на Австрија, регистерски број FN 280571f, со седиште на Ласалештрасе 9, 1020, Виена, Австрија ќе стекне контрола над НТТ Австрија ГмбХ има регистрирано седиште на Австрија Кампус 3, Јаков-Линд-Штрасе 5/4.ОГ, 1020 Виена, Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

. Деловните активности на **А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ** се состојат од основни телекомуникациски услуги, пристап до интернет, дигитална кабловска телевизија, информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), услуги на големо, како и решенија за деловни актвности во движење и платежни решенија.

А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ е дел од Групацијата А1 Телеком Австрија, и е во директна сопственост на Телеком Австрија АГ, , Австрија, ("Телеком Австрија)[1]. Телеком Австрија АГ е холдинг компанија која што не обезбедува никакви услуги. Деловното портфолио на Групацијата А1 Телеком Австрија се состои од активности во областа на говорна телефонија, широкопојасен интернет пристап, мултимедијални услуги, податочни и ИТ ешенија.

Групацијата А1 Телеком Австрија е присутна во Северна Македонија преку

- А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во безжични телекомуникации;

- ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма;

- Линворкс ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7556381, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во компјутерско програмирање.

**НТТ Австрија ГмбХ** е провајдер на хардвер и софтвер за ИТ и се фокусира на системска интеграција и управувани услуги. НТТ Австрија ГмбХ нуди приспособени услуги и обезбедува конзистентни најдобри практики во дизајнот и операциите низ неговите безбедни, скалабилни и приспособливи центри за податоци. Меѓутоа, овие активности се ограничени на територијата на Австрија и НТТ Австрија ГмбХ нема никакви активности, на територијата на Северна Македонија.

---

[1] Единствената контрола над Телеком Австрија АГ ја врши друштвото Америка Мовил С.А.Б. де Ц.В.. Америка Мовил е активно во Северна, Централна и Јужна Америка,. Понудата на производи на Групацијата Америка Мовил вклучува услуги за мобилна и фиксна телефонија, широкопојасен пристап, како и телевизија.

Подносителите на известувањето смета дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира како:

- Пазар за дистрибуција на ИТ производи, со фокус на производи за сајбер-безбедност за претпријатија и услуги и гранични услуги во поставувањето, одржувањето и примената на таквите ИТ производи.
- Пазар за PBX (Private Branch Exchange) системи кои вклучуваат телефонски решенија за користење во рамките на една компанија за внатрешна комуникација во приватна мрежа. Тие се засноваат на комбинација од хардвер и интегриран софтвер или софтверско решение.

Релевантниот географски пазар треба да се дефинира како територија на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.05.2024 година
Скопје